**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË**

**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

MEMBER OF fdi FDI World Dental Federation

**Бр. 02-1172/8**

Скопје, 09.12.2021 година

Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија, врз основа на член 27 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија *(Сл.весник на РСМ бр. 118/2021)*, на својата **24-тата седница**, одржана на **ден 08.12.2021 година,** едногласно ја донесе следната

# ОДЛУКА

## за дополнување на листа на испитувачи- членови на испитни комисии за проверка на стручните знаења и способности на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата

**Член 1**

Се дополнува листата на испитувачи, членови на испитни комисии за проверка на стручните знаења и способности на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата, чиј состав е објавен во **Одлуката бр. 02-832/3 од 21.08.2021 г.** на Извршниот одбор на Комората.

**Член 2**

Листата на испитувачи - членови на испитни комисии за проверка на стручните знаења и способности на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата се дополнува со следните доктори на стоматологија, кои до Стручната служба на Комората доставиле Пријава за член на испитна комисија и тоа:

1. **Доц.д-р Ана Белазелковска Грежловска и**
2. **Проф. д-р Марина Кацарска.**

**Член 3**

Дополнетата листа на испитувачи ќе се достави до Претседателот на Комората, кој е надлежен за формирање испитни комиси за проверка по пат на испит на стручните знаења и способности, согласно член 4 од Правилникот за програмата за дополнителна обука и проверка на стручните знаења и способности на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата (Сл.весник на РСМ бр. 115/2017 и бр. 217/2019).

**Член 4**

Подносителот на Пријавата за ипиувач е должен за секоја промена на податоците внесени во Пријавата да ја извести Стоматолошката комора на Македонија во најкраток можен рок.

**Член 5**

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**ИЗВРШЕН ОДБОР,**
**Претседател,**
**д-р Мирлинд Селими**

М.П.

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË * SHKUP * СКОПЈЕ